**Прашање поставено од акционери на седница на Годишното Собрание на Македонски Телеком (Друштвото) на 04.04.2012 година и дополнително образложение**

- **По четвртата точка од Дневниот ред - Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2011 година според Меѓународните стандарди за финансиско известување:**

**Прашање:** Која е разликата помеѓу ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото според општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија и според Меѓународните стандарди за финансиско известување?

**Дополнително образложение:** Главна разлика помеѓу ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото изготвени согласно општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија и согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување ("МСФИ"), се должи на разликите во нето сегашната вредност на недвижностите, постројките и опремата и нематеријалните средства. Имено, согласно македонската законска регулатива, ставките од недвижностите, постројките и опремата и нематеријалните средства во минатото беа ревалоризирани (индексирани) на крајот на годината со примена на официјалните коефициенти базирани на пораст на индексот на цените на основните индустриски производи. Последната индексација беше извршена во 2000 година. Ваков вид на индексација генерално не се признава согласно МСФИ.